# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА


Службен гласник на Општина Кисела Вода
Излегува по потреба
Рок на рекламации 15 дена
www.kiselavoda.gov.mk

04 Ноември 2024
Скопје
Број 13, година XIX
contact@kiselavoda.gov.mk


**Скопје, Ноември, 2024 година**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**за објава на Одлука за ослободување на инвеститор од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за доградба на ООУ ,,Кирил Пејчиновиќ,, на територија на Општина Кисела Вода**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за ослободување на инвеститор од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за доградба на ООУ ,,Кирил Пејчиновиќ,, на територија на Општина Кисела Вода, донесена на Втората вонредна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 10 октомври 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-9237/1
10.10.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), а во врска со Законот за градење („Службен весник на РМ“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 30/16, 31/16, 39/16, 35/18, 64/18, и 168/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 244/19, 18/20, 279/20, 96/21 и 227/22 год) и член 34 став 1 точка 41 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.01/20), Советот на Општина Кисела Вода на Втората вонредна седница одржана на 10 октомври 2024 година донесе:

## ОДЛУКА

**за ослободување на инвеститор од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за доградба на ООУ ,,Кирил Пејчиновиќ,, на територија на Општина Кисела Вода**

**Член 1**

Со оваа Одлука инвеститорот Општина Кисела Вода се ослободува од плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште за доградба на ООУ ,,Кирил Пејчиновиќ,, на територија на Општина Кисела Вода, на ул.„Пушкинова“ бр.ББ, КП 2573, КО Кисела Вода 1, Општина Кисела Вода.

**Член 2**

Средствата од член 1 на оваа одлука претставуваат вкупен надоместок за уредување на градежно земјиште во висина од 40% надомест за Општина Кисела Вода.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09 – 9113/2
10 октомври 2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

## РЕШЕНИЕ

**за објава на Одлука за ослободување на инвеститор од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за доградба на ООУ ,,Невена Георгиева – Дуња,, на територија на Општина Кисела Вода**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за ослободување на инвеститор од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за доградба на ООУ ,,Невена Георгиева – Дуња,, на територија на Општина Кисела Вода, донесена на Втората вонредна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 10 октомври 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-9237/2
10.10.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), а во врска со Законот за градење („Службен весник на РМ“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 30/16, 31/16, 39/16, 35/18, 64/18, и 168/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 244/19, 18/20, 279/20, 96/21 и 227/22 год) и член 34 став 1 точка 41 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.01/2020), Советот на Општина Кисела Вода на Втората вонредна седница одржана на 10 октомври 2024 година донесе:

**ОДЛУКА**

**за ослободување на инвеститор од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за доградба на ООУ Невена Георгиева - Дуња на територија на Општина Кисела Вода**

**Член 1**

Со оваа Одлука инвеститорот Општина Кисела Вода се ослободува од плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште за доградба на ООУ Невена Георгиева - Дуња на територија на Општина Кисела Вода, на ул.„Михаил Чаков“ бр.ББ, КП 1109/1, КО Кисела Вода 1, Општина Кисела Вода.

**Член 2**

Средствата од член 1 на оваа одлука претставуваат вкупен надоместок за уредување на градежно земјиште во висина од 40% надомест за Општина Кисела Вода.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09 – 9113/3
10 октомври 2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**за објава на Заклучок за усвојување на Полугодишен финансиски извештај за период од 01.01.2024 до 30.06.2024 година на Јавно комунално претпријатие КИСЕЛА ВОДА 2022 Скопје**

1. Со ова Решение се објавува Заклучокот за усвојување на Полугодишен финансиски извештај за период од 01.01.2024 до 30.06.2024 година на Јавно комунално претпријатие КИСЕЛА ВОДА 2022 Скопје, донесен на Четириесет и петтата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 28 октомври 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-9915/1
04.11.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 112 од Статутот на Општина Кисела Вода – пречистен текст („Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 01/2020), а расправајќи по Полугодишниот финансиски извештај за период од 01.01.2024 до 30.06.2024 година на Јавно комунално претпријатие КИСЕЛА ВОДА 2022 Скопје, Советот на Општина Кисела Вода на Четириесет и петтата пленарна седница одржана на 28 октомври 2024 година, го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**

**за усвојување на Полугодишен финансиски извештај за период од 01.01.2024 до 30.06.2024 година на Јавно комунално претпријатие КИСЕЛА ВОДА 2022 Скопје**

1.Со овој Заклучок се усвојува Полугодишен финансиски извештај за период од 01.01.2024 до 30.06.2024 година на Јавно комунално претпријатие КИСЕЛА ВОДА 2022 Скопје.

2.Заклучокот да се достави до Секторот за образование, предучилишно воспитување, спорт и култура, Јавно комунално претпријатие КИСЕЛА ВОДА 2022 Скопје и Градоначалникот на Општина Кисела Вода.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-9488/4
28 октомври 2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**за објава на Одлука за разрешување и именување на член на Управниот одбор претставник од Советот на родители во ЈДГ “ 8 Март” на Општина Кисела Вода во Град Скопје**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за разрешување и именување на член на Управниот одбор претставник од Советот на родители во ЈДГ “ 8 Март” на Општина Кисела Вода во Град Скопје, донесена на Четириесет и петтата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 28 октомври 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-9915/2
04.11.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 114 точка 10 и точка 17 од Закон за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/2013, 12/2014, 44/2014, 144/2014, 10/2015, 25/2015, 150/2015, 192/2015, 27/2016, 163/2017, 21/18, 198/18, Службен весник на РСМ бр.104/19, 146/18) и член 16, точка 7, и член 34 став 1, точка 19 од Статутот на Општина Кисела Вода - пречистен текст (Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/20), Советот на Општина Кисела Вода на Четириесет и петтата пленарна седница одржана на 28 октомври 2024 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за разрешување и именување на член на Управниот одбор – претставник од Советот на родители во ЈДГ “ 8 Март” на Општина Кисела Вода во Град Скопје**

**Член 1**

Се разрешува Ана Стефановска од член на Управниот одбор - претставник од Советот на родители во ЈДГ ,, 8 Март“ на Општина Кисела Вода во Град Скопје.

**Член 2**

За член на Управниот одбор – претставник од Советот на родители во ЈДГ „8 Март“ на Општина Кисела Вода во Град Скопје, се избира Благоја Драганов, предложен од Советот на родители на установата со Предлог-Одлука бр. 02-503/3 од 24.09.2024 година.

**Член 3**

Членовите на Управниот одбор се избираат односно именуваат за период од 4 години.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-9488/5
28 октомври 2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**за објава на Одлука за прифаќање на донација - товарно возило ISUZU CREW од ШПАРКАСЕ ЛИЗИНГ ДОО Скопје**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за прифаќање на донација - товарно возило ISUZU CREW од ШПАРКАСЕ ЛИЗИНГ ДОО Скопје, донесена на Четириесет и петтата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 28 октомври 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-9915/3
04.11.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/2002) и член 34 став 1 точка 41 од Статутот на Општина Кисела Вода - пречистен текст (Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/20), Советот на Општина Кисела Вода на Четириесет и петтата пленарна седница одржана на 28 октомври 2024 година, донесе

## ОДЛУКА

## ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ДОНАЦИЈА - ТОВАРНО ВОЗИЛО ISUZU CREW ОД ШПАРКАСЕ ЛИЗИНГ ДОО СКОПЈЕ

### Член 1

Со оваа Одлука се прифаќа донацијата – товарно возило Isuzu Crew N60 B 4x4 1.9 со шасија бр. MPATFS87JPT040392, која се дава од Друштво за лизинг ШПАРКАСЕ ЛИЗИНГ ДОО Скопје, во вредност од 3.275.338,оо денари со вклучен ДДВ.

### Член 2

Се овластува Градоначалникот на Општина Кисела Вода да го потпише договорот за донација со Друштво за лизинг ШПАРКАСЕ ЛИЗИНГ ДОО Скопје, во насока на спроведување на оваа одлука.

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-9488/6
28 октомври 2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**за објава на Одлука за прифаќање на донација - изведба на фекална канализација во населба Стаклара – Општина Кисела Вода од страна на СПОРТ ЛАИФ ТРЕЈД ДОО Скопје**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за прифаќање на донација - изведба на фекална канализација во населба Стаклара – Општина Кисела Вода од страна на СПОРТ ЛАИФ ТРЕЈД ДОО Скопје, донесена на Четириесет и петтата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 28 октомври 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-9915/4
04.11.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/2002) и член 34 став 1 точка 41 од Статутот на Општина Кисела Вода - пречистен текст (Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/20), Советот на Општина Кисела Вода на Четириесет и петтата пленарна седница одржана на 28 октомври 2024 година, донесе

## ОДЛУКА

## ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ДОНАЦИЈА - ИЗВЕДБА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО НАСЕЛБА СТАКЛАРА – ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ОД СТРАНА НА СПОРТ ЛАИФ ТРЕЈД ДОО СКОПЈЕ

### Член 1

Со оваа Одлука се прифаќа донацијата – изведба на фекална канализација во кругот на населба Стаклара – Општина Кисела Вода, која се дава од Друштво за промет и услуги СПОРТ ЛАИФ ТРЕЈД ДОО Скопје, во вредност од 1.000.000,оо денари со вклучен ДДВ.

### Член 2

Се овластува Градоначалникот на Општина Кисела Вода да го потпише договорот за донација со Друштво за промет и услуги СПОРТ ЛАИФ ТРЕЈД ДОО Скопје, во насока на спроведување на оваа одлука.

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-9488/7
28 октомври 2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**за објава на Одлука за прифаќање на донација - изведба на фекална канализација во населба Стаклара – Општина Кисела Вода од страна на САРДОНИКС СД ДОО Скопје**

1. Со ова Решение се објавува Одлука за прифаќање на донација - изведба на фекална канализација во населба Стаклара – Општина Кисела Вода од страна на САРДОНИКС СД ДОО Скопје, донесена на Четириесет и петтата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 28 октомври 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

рој 08-9915/5
04.11.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/2002) и член 34 став 1 точка 41 од Статутот на Општина Кисела Вода - пречистен текст (Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/20), Советот на Општина Кисела Вода на Четириесет и петтата пленарна седница одржана на 28 октомври 2024 година, донесе

## ОДЛУКА

## ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ДОНАЦИЈА - ИЗВЕДБА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО НАСЕЛБА СТАКЛАРА – ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ОД СТРАНА НА САРДОНИКС СД ДОО СКОПЈЕ

**Член 1**

Со оваа Одлука се прифаќа донацијата – изведба на фекална канализација во кругот на населба Стаклара – Општина Кисела Вода, која се дава од Друштво за производство, промет и консалтинг САРДОНИКС СД ДОО Скопје, во вредност од 300.000,оо денари со вклучен ДДВ.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Кисела Вода да го потпише договорот за донација со Друштво за производство, промет и консалтинг САРДОНИКС СД ДОО Скопје, во насока на спроведување на оваа одлука.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-9488/8
28 октомври 2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**за објава на Одлука за прифаќање на донација - изведба на фекална канализација во населба Стаклара – Општина Кисела Вода од страна на АС БОСФОР ДООЕЛ Скопје**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за прифаќање на донација - изведба на фекална канализација во населба Стаклара – Општина Кисела Вода од страна на АС БОСФОР ДООЕЛ Скопје, донесена на Четириесет и петтата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 28 октомври 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-9915/6
04.11.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/2002) и член 34 став 1 точка 41 од Статутот на Општина Кисела Вода - пречистен текст (Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/20), Советот на Општина Кисела Вода на Четириесет и петтата пленарна седница одржана на 28 октомври 2024 година, донесе

**ОДЛУКА**

**ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ДОНАЦИЈА - ИЗВЕДБА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО НАСЕЛБА СТАКЛАРА – ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ОД СТРАНА НА АС БОСФОР ДООЕЛ СКОПЈЕ**

**Член 1**

Со оваа Одлука се прифаќа донацијата – изведба на фекална канализација во населба Стаклара – Општина Кисела Вода, која се дава од Друштво за транспорт и услуги АС БОСФОР ДООЕЛ Скопје, во вредност од 500.000,оо денари со вклучен ДДВ.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Кисела Вода да го потпише договорот за донација со Друштво за транспорт и услуги АС БОСФОР ДООЕЛ Скопје, во насока на спроведување на оваа одлука.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-9488/9
28 октомври 2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**за објава на Одлука за ставање вон сила на Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Кисела Вода за 2024 година бр. 09-8616/16 од 30.09.2024 година**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за ставање вон сила на Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Кисела Вода за 2024 година бр. 09-8616/16 од 30.09.2024 година, донесена на Четириесет и петтата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 28 октомври 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-9915/7
04.11.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 34 став 1 точка 41 од Статутот на Општина Кисела Вода - пречистен текст (Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/20), Советот на Општина Кисела Вода на Четириесет и петтата пленарна седница одржана на 28 октомври 2024 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За ставање вон сила на одлуката за Измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Кисела Вода за 2024 година бр. 09-8616/16 од 30.09.2024 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се става вон сила одлуката за Измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Кисела Вода за 2024 година бр. 09-8616/16 донесена на 30.09.2024 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 09-9488/10
28 октомври 2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**за објава на Заклучок за усвојување на Извештај за работата на Локалниот младински совет на Општина Кисела Вода за 2024 година**

1. Со ова Решение се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за работата на Локалниот младински совет на Општина Кисела Вода за 2024 година, донесен на Четириесет и петтата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 28 октомври 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-9915/8<br>04.11.2024 година<br>Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК<br>на Општина Кисела Вода<br>Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр.5/2002), Законот за младинско учество и младински политики (Сл. весник на РСМ бр.10/2020), Законот за еднакви можности на жени и мажи (Сл. весник на РМ бр.201/15) како и Стратегијата за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите на Општина Кисела Вода 2024 – 2028 и врз основа на член 34 став, член 72 и член 112 од Статутот на Општина Кисела Вода - пречистен текст (Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/20), Советот на Општина Кисела Вода на Четириесет и петтата пленарна седница одржана на 28 октомври 2024 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за усвојување на Извештај за работата на Локалниот младински совет на Општина Кисела Вода за 2024 година**

1.Со овој Заклучок се усвојува Извештајот за работата на Локалниот младински совет на Општина Кисела Вода за 2024 година.

2.

3.Заклучокот да се достави до Локалниот младински совет на Општина Кисела Вода, одговорното лице од општината како и Градоначалникот на Општина Кисела Вода.

4.

5.Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-9488/11
28 октомври 2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

## РЕШЕНИЕ

### за објава на Заклучок за давање согласност на Годишната програма за работа на Локален младински совет на Општина Кисела Вода за 2025 година

1. Со ова Решение се објавува Заклучокот за давање согласност на Годишната програма за работа на Локален младински совет на Општина Кисела Вода за 2025 година, донесен на Четириесет и петтата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 28 октомври 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-9915/9
04.11.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр.5/2002), Законот за младинско учество и младински политики (Сл. весник на РСМ бр.10/2020), Законот за еднакви можности на жени и мажи (Сл. весник на РМ бр.201/15) како и Стратегијата за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите на Општина Кисела Вода 2024 – 2028 и врз основа на член 34 став 1 и член 76 од Статутот на Општина Кисела Вода - пречистен текст (Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/20), Советот на Општина Кисела Вода на Четириесет и петтата пленарна седница одржана на 28 октомври 2024 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

**за давање согласност на Годишната програма за работа на Локален младински совет на Општина Кисела Вода за 2025 година**

1.Со овој Заклучок се дава согласност на Годишната програма за работа на Локален младински совет на Општина Кисела Вода за 2025 година.

2.Заклучокот да се достави до Локалниот младински совет на Општина Кисела Вода, одговорното лице од општината како и Градоначалникот на Општина Кисела Вода.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-9488/12
28 октомври 2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**за објава на Одлука за ставање вон сила на Развојна програма, Програма ЛАА – спорт и рекреација (капитални расходи) реконструкција на спортско игралиште и урбана опрема во Расадник 2023 – 2025 година**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за ставање вон сила на Развојна програма, Програма ЛАА – спорт и рекреација (капитални расходи) реконструкција на спортско игралиште и урбана опрема во Расадник 2023 – 2025 година, донесена на Четириесет и петтата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 28 октомври 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-9915/10
04.11.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/02), член 34, став 1, точка 41 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.01/2020), Советот на Општина Кисела Вода на Четириесет и петтата пленарна седница одржана на 28 октомври 2024 година, донесе

**ОДЛУКА**

**за ставање вон сила на Развојна програма, Програма ЛАА – спорт и рекреација (капитални расходи)**
**реконструкција на спортско игралиште и урбана опрема во Расадник**
**2023 – 2025 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се става вон сила Развојната програма, Развојната програма (Програма ЛАА – спорт и рекреација (капитални расходи) Реконструкција на спортско игралиште и урбана опрема во Расадник за 2023 – 2025 година со бр. 09 – 2920/5 од 10.08.2023 година и Програма за измена и дополна на Развојна програма (Програма ЛАА – спорт и рекреација (капитални расходи) Реконструкција на спортско игралиште и урбана опрема во Расадник за 2023 – 2025 година со бр.09-7245/32 од 30.08.2023 година, и Програма за измена и дополна на Развојна програма (Програма ЛАА – спорт и рекреација (капитални расходи) Реконструкција на спортско игралиште и урбана опрема во Расадник за 2023 – 2025 година со бр.09-1050/7 од 02.02.2024 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода”.

Број 09-9488/13
28 октомври 2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

## РЕШЕНИЕ

**за објава на Програма за измена и дополна на Програма В – предучилишно воспитување за 2024 година и Програма (В1) – предучилишно воспитување – капитални трошоци за 2024 година**

1. Со ова Решение се објавува Програмата за измена и дополна на Програма В – предучилишно воспитување за 2024 година и Програма (В1) – предучилишно воспитување – капитални трошоци за 2024 година, донесена на Четириесет и петтата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 28 октомври 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-9915/11
04.11.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02), член 34, став 1, точка 8 од Статутот на општина Кисела Вода (Сл.Гласник на општина Кисела Вода бр.01/2020), Советот на Општина Кисела Вода на Четириесет и петтата пленарна седница одржана на 28 октомври 2024 година, донесе

**ПРОГРАМА**

**за измена и дополна на Програма В – предучилишно воспитување за 2024 година и Програма (В1) – предучилишно воспитување – капитални трошоци за 2024 година**

**Член 1**

Се врши измена и дополна на Програма В – предучилишно воспитување и Програма (В1) – предучулушно воспитување – капитални трошоци за 2024 година објавена во Службен гласник на општина Кисела Вода бр. 01/2024, на начин што:

- Во делот "Проект "ФИНАНСИСКА ПОДРШКА ВО ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА ПРИВРЕМЕНО АНГАЖИРАЊЕ НА КАДАР" со вкупно средства 29.519.785,00 денари" се заменува со зборовите "Проект "ФИНАНСИСКА ПОДРШКА ВО ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА ПРИВРЕМЕНО АНГАЖИРАЊЕ НА КАДАР" со вкупно средства 23.519.785,00 денари"
- Во делот "Проект "ДОГРАДБА НА ДЕТСКА ГРАДИНКА 8ми МАРТ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА" со вкупно средства 60.000,000,00 денари" се заменува со зборовите "Проект "ДОГРАДБА НА ДЕТСКА ГРАДИНКА 8 ми МАРТ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА" со вкупно средства 35.000.000,00 денари"

Во останатиот текст Програма В – предучилишно воспитување и Програма (В1) – предучулушно воспитување – капитални трошоци за 2024 година останува непроменета.

**Член 2**

Оваа Програма влегува во сила од денот на донесување, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 09-9488/14
28 октомври 2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**за објава на Програма за измена на Програмата на Општина Кисела Вода од надлежност Д-10 Месна самоуправа за 2024 година**

1. Со ова Решение се објавува Програмата за измена на Програмата на Општина Кисела Вода од надлежност Д-10 Месна самоуправа за 2024 година, донесена на Четириесет и петтата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 28 октомври 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-9915/12
04.11.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), и член 34, став 1, точка 41 од Статутот на Општина Кисела Вода ( “Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.01/20), Советот на Општина Кисела Вода на Четириесет и петтата пленарна седница одржана на 28 октомври 2024 година, донесе

**Програма за Измена на Програмата на општина Кисела Вода од надлежност Д-10 Месна самоуправа за 2024 година**

**Член 1**

Со оваа Програма се врши измена и намалување на предвидените финансиски средства на Програмата на општина Кисела Вода од надлежност Д-10 за Месна самоуправа за 2024 година.

Програмата Д-10 Месна самоуправа Подставка 464990 од планираните 5.200 000,00 денари се намалува за 1.300 000,00 денари и сега изнесува 3.900 000,00 денари.

Намалувањето се должи на веќе реализираните субвенции за дрва каде што останаа средства како и во делот на проектот за бесплатен оброк во училиштата кој почнува со реализација оваа учебна година 2024/25 и во Буџетот остануваат средства колку што се потребни за реализација на истиот до крајот на годината.

Во останатиот текст Програмата на Општина Кисела Вода од областа Д-10 Месна самоуправа за 2024 година останува непроменета.

**Член 2**

Оваа Програма влегува на сила со денот на донесување, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Кисела Вода,,.

Број 09-9488/15
28 октомври 2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**за објава на Програма за измена на Програма (ЛО) – спорт и рекреација за 2024 година**

1. Со ова Решение се објавува Програмата за измена на Програма (ЛО) – спорт и рекреација за 2024 година, донесена на Четириесет и петтата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 28 октомври 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-9915/13
04.11.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 6 и точка 13 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02), член 34, став 1, точка 8 од Статутот на Општина Кисела Вода (Сл. Гласник на Општина Кисела Вода бр.01/20), Советот на Општина Кисела Вода на Четириесет и петтата пленарна седница одржана на 28 октомври 2024 година, донесе

**ПРОГРАМА**

**за измена на Програма ( ЛО ) – спорт и рекреација за 2024 година**

**Член 1**

Се врши измена на Програмата (ЛО) спорт и рекреација за 2024 година објавена во Службен гласник на Општина Кисела Вода бр. 01/24 година, на начин што во делот:

- во точка 2 име на проект Куп на Општина Кисела Вода „Св.Ѓорѓи - вкупно 273.000.00 денари - се брише.
- во точка 5 име на проект Спортска Академија на Општина Кисела Вода -вкупно 106.000,00 - се брише.
- во точка 7 име на проект Спортуваме - Другаруваме - вкупно 90.000.00 денари - се брише.
- во точка 8 име на проект Турнир во мал фудбал „Кисела Вода“ - вкупно 228.000.00 денари - се брише.
- во точка 9 име на проект Шаховска лига Кисела Вода - вкупно 176.000.00 денари - се брише.
- во точка 10 име на проект Избор на најдобри спортисти на Општина Кисела Вода -вкупно 120.000.00 денари - се брише.
- Се врши промена и во табелата каде:
- во точка 2 име на проект Куп на Општина Кисела Вода „Св.Ѓорѓи -вкупно 273.000.00 денари - се брише.
- во точка 5 име на проект Спортска Академија на Општина Кисела Вода -вкупно 106.000,00 - се брише.
- во точка 7 име на проект Спортуваме - Другаруваме - вкупно 90.000.00 денари - се брише.
- во точка 8 име на проект Турнир во мал фудбал „Кисела Вода“ -вкупно 228.000.00 денари - се брише.
- во точка 9 име на проект Шаховска лига Кисела Вода - вкупно 176.000.00 денари - се брише.
- во точка 10 име на проект Избор на најдобри спортисти на Општина Кисела Вода -вкупно 120.000.00 денари - се брише.
- Се врши измена во Програма за работа на ЈКП КИСЕЛА ВОДА 2022 СКОПЈЕ која што е во склоп на Програмата (ЛО) спорт и рекреација за 2024 година на начин што во делот на Детален табеларен приказ на трошоци за 2024 година зборовите „Тотал за 2024 – 8.000,000,00 денари“ се заменуваат со зборовите „Тотал за 2024 – 7.700,000,00 денари“

Делот ВКУПНО Буџет за Програма за спорт и рекреација (ЛО) 16.493.000,00 се менува во 15.200.000,00.

Во останатиот текст на Програмата (ЛО) спорт и рекреација за 2024 година истата останува непроменета.

**Член 2**

Оваа Програма влегува во сила од денот на донесувањето и истата ќе биде објавена во "Службен гласник на Општина Кисела Вода".

Број 09-9488/16
28 октомври 2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**за објава на Програма за измена и дополна на Програмата (Ј) – Комунални дејности за 2024 година – измена и дополна на Програмата Р – животна средина за 2024 година**

1. Со ова Решение се објавува Програмата за измена и дополна на Програмата (Ј) – Комунални дејности за 2024 година – измена и дополна на Програмата Р – животна средина за 2024 година, донесена на Четириесет и петтата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 28 октомври 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-9915/14<br>04.11.2024 година<br>Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК<br>на Општина Кисела Вода<br>Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 1 и точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр.5/02), член 15, став 1, точка 1 алинеја 6 и точка 4 од Законот за Град Скопје (Сл.Весник на РМ бр.55/04, бр.158/2011), член 95, став 3 од Закон за градежно земјиште (Сл. Весник на РМ бр1.5/2015, бр.98/2015, бр.193/2015, бр.226/2015, бр.31/2016, бр.142/2016, бр.190/2016) член 16, став 1, точка 1, алинеја 6 и точка 4, а во врска со член 34 од Статутот на општина Кисела Вода (Сл.Гласник на Општина Кисела Вода бр.1/20), Советот на Општина Кисела Вода на Четириесет и петтата пленарна седница одржана на 28 октомври 2024 година, донесе

**Програма за**

**измена и дополнување на Програмата (Ј) – Комунални дејности за 2024 година**
**Измена и дополна на Програмата Р- животна средина за 2024 година**

Се врши измена и дополнување на Програмата (Ј)- комунални дејности за 2024 година
**Подпрограма Ј30- јавно осветлување**

Подпрограма Ј30 јавно осветлување од предвидените 30.900.000,00 денари се зголемува за 2.200.000.00 денари, и изнесува 33.100.000,00денари

Подставка 426990 други оперативни расходи од планираните 700.000,00 денари се намалува за 300.000.00денари и изнесува 400.000,00денари

Подставка 421110 други оперативни расходи од планираните 15.000.000,00 денари се зголемува за 2.500.000.00денари и изнесува 17.500.000,00денари

**-подпрограма Ј40 јавна чистота**

Подпрограмата Ј40 јавна чистота од планираните 13.600.000,00денари се зголемува за 2.6100.000,00 денари и изнесува 16.210.000,00 денари

Подставка 425990 други договорни услуги од планираните 12.500.000,00денари се зголемува за 2.650.000,00 денари и изнесува 15.150.000,00 денари

Подставка 426990 други оперативни расходи од планирааните 600.000,00 денари се намалува за 100.000,00 денари и изнесува 500.000,00 денари

Подставка 423310 униформи од планираните 100.000,00денари се намалува за 60.000,00 денари и изнесува 40.000,00 денари

Подставка 423720 материјали за разни поправки од планираните 400.000,00денари се зголемува за 100.000,00 денари и изнесува 500.000,00 денари

**Програма Р животна средина**

Подпрограма Р0 заштита на животна средина и природа-капитални расходи од предвидените 2.400.000,00 денари се зголемува за 700.000,00 денари и изнесува 3.100.000,00 денари

Подставка 482920 изградба на други објекти од предвидените 2.100.000,00 денари се зголемува за 700.000,00 денари и изнесува 2.800.000,00 денари.

Реализацијата на програмата Ј комунални дејности и програмата Р заштита на животна средина ја врши Градоначалникот на Општина Кисела Вода преку Секторот за комунални работи, инфраструктура, сообраќај и заштита на животната средина.

Програмата за измена и дополна на Програмата (Ј) Комунални дејности на Општина Кисела Вода за 2024 година и програмата Р заштита на животна средина за 2024 година влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 09-9488/17
28 октомври 2024 година
Скопје

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**за објава на Програма за измена и дополнување на Програмата за култура (К4) културни манифестации и творештво и Програма (КА) културни манифестации и творештво – капитални расходи за 2024 година и Програма за работа на Дом на култура „Билјана Беличанец"-Скопје за 2024 година**

1. Со ова Решение се објавува Програмата за измена и дополнување на Програмата за култура (К4) културни манифестации и творештво и Програма (КА) културни манифестации и творештво – капитални расходи за 2024 година и Програма за работа на Дом на култура „Билјана Беличанец"-Скопје за 2024 година, донесена на Четириесет и петтата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 28 октомври 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-9915/15
04.11.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 5 и точка 13 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02), член 34, став 1, точка 8 од Статутот на Општина Кисела Вода (Сл.Гласник на Општина Кисела Вода бр.01/2020), Советот на Општина Кисела Вода на Четириесет и петтата пленарна седница одржана на 28 октомври 2024 година, донесе

**ПРОГРАМА**

**за измена и дополнување на Програмата за култура (К4) културни манифестации и творештво и Програма (КА) културни манифестации и творештво – капитални расходи за 2024 година и Програма за работа на Дом на култура „Билјана Беличанец“- Скопје за 2024 година**

**Член 1**

Се врши измена и дополнување на Програмата за култура (К4) културни манифестации и творештво и Програма (КА) културни манифестации и творештво – капитални расходи за 2024 година со бр. 09-11002/13 од 27.12.2023 година и Измена и дополнување на Програмата за култура(К4), културни манифестации и творештво и Програма(КА) културни манифестации и творештво-капитални расходи за 2024 година и Програма за работа на Дом на култура„Билјана Беличанец“-Скопје за 2024 година со бр.09-7586/34 од 26.08.2024 година, на начин што во делот Програма за култура (К4) културни манифестации и творештво за 2024 година:

Се врши измена на Програма (КА) културни манифестации и творештво-капитални трошоци за поставување спомен-обележја на истакнати личности од Општина Кисела Вода на начин што под **Проект 3:** Поставување на скулптури на важни личности од областа на културата, уметноста и историјата, зборовите„потребни средства 500.000,00 денари“- се бришат.

**Проект 4**: Набавка на друга опрема, опремување на галеријата и конференциската сала во Дом на култура„Билјана Беличанец“,Скопје, зборовите„потребни средства 300.000,00 денари“ - се бришат.

**Проект 5**: Поставување на спомен обележје-биста на Невена Георгиева Дуња, зборовите„потребни средства 200.000,00 денари„ се бришат.

Во делот Вкупно Буџет за Програма за култура (КА) културни манифестации и творештво-капитални трошоци за 2024 година од предвидените 1,300,000,00 денари се намалува на 300.000,00 денари.

Се врши измена и дополнување на Програмата за култура (К4) културни манифестации и творештво и Програма (КА) културни манифестации и творештво - Програма за работа на Дом на култура „Билјана Беличанец“, Општина Кисела Вода - Скопје за 2024 година на начин што од:

Во ставката од проектите: Други договорни услуги од планираните 400.000 денари се намалуваат за 100.000 денари и сега изнесуваат 300.000 денари

Во ставката од проектите:други оперативни расходи од планираните 5.468.000,00 денари се намалува за 400.000,00 денари и сега изнесува 5.068.000,00 денари.

Во ставката од проектите: други трансфери од планираните 3.500.000,00 денари се намалуваат за 295.000,00 денари и сега изнесува 3.205.000,00 денари.

Се врши измена и дополна во делот ВКУПНО – Предлог за култура (К4) културни манифестации и творештво и Програма за работа на Дом на култура„Билјана Беличанец“-Скопје за 2024 година, на начин што планираните 10.100.000,00 денари се намалува за 795.000,00 денари и сега изнесува 9.305.000,00 денари.

